СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО
МЕДИУМИ НА МАКЕДОНИЈА



# ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈАТА СО ПОГОЛЕМА ИНКЛУЗИВНОСТ ВО МЕДИУМИТЕ

Февруари 2021

# СОДРЖИНА


ВОВЕДНИК 3

ПУБЛИКАЦИЈА: ГОВОР НА ОМРАЗА - МЕЃУНАРОДНА И НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МЕДИУМИТЕ 4

ДЕБАТА: КАКО КРИЗАТА СО КОРОНАВИРУСОТ ГО ПОГОДИ НОВИНАРСТВОТО И САМОРЕГУЛАЦИЈАТА? 6

ДЕБАТА: ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАТОРНИТЕ ПРАКТИКИ ВО МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ 9

ДЕБАТА: ОБРАЗОВАНИЕТО И МЕДИУМИТЕ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ДИСКРИМИНАЦИЈАТА, ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И СТЕРЕОТИПИТЕ 14

ДЕБАТА: СОРАБОТКА ЗА ЕФЕКТИВНО АДРЕСИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО МЕДИУМИТЕ 18

РАБОТИЛНИЦИ 22



Подготвено од:

СОВЕТ ЗА ЕТИКА ВО МЕДИУМИ НА МАКЕДОНИЈА

www.semm.mk,
info@semm.mk
Бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ 54/2, Скопје,
Северна Македонија,
02 / 3222 595



Canada

Оваа публикација е подготвена со поддршка од *Канадскиот фонд за локални иницијативи* преку Амбасадата на Канада. Искажаните ставови и мислења во публикацијата не ги одразуваат секогаш ставовите и мислењата на донаторот.

CIVICA MOBILITAS

СЕММ е корисник на институционален грант од програмата Цивика Мобилитас.

# ВОВЕДНИК

Промовирањето на професионалните и етичките новинарски стандарди и поддршката на саморегулацијата во медиумите придонесуваат кон зајакнување на борбата против дискриминацијата и говорот на омраза во медиумското известување. Следењето на употребата на професионалните стандарди во известувањето на медиумите е една од клучните цели на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), кој им овозможува на граѓаните кои утврдиле недоследности и грешки во новинарското известување да се жалат против медиумите кои го сториле тоа.

Проектот *„Промовирање инклузивност и почитување на човековите права во медиумите во Северна Македонија“* стави силен фокус врз подигнување на свеста и подобрување на знаењето и вештините околу потребата за справување со дискриминацијата, дезинформациите и говорот на омраза во медиумите Повеќе од 120 претставници од медиуми, граѓански организации, државни институции, како и граѓани учествуваа на четирите дебати и двете обуки организирани во рамките на проектот. Дискутираа за релевантноста на саморегулацијата и инклузивноста во медиумската сфера и за пристапите со кои можат заеднички да ја поддржат борбата против дискриминацијата. На обуките, пак, ги осознаа пристапите за препознавање на дискриминаторски и говор на омраза во медиумите, како и за градење стратегии за ефективно дејствување против ваквите практики. Со проектот беше поддржано и издавањето на публикацијата „Говор на омраза, меѓународна и национална правна рамка, со посебен осврт на медиумите“, која претставува анализа на политиките за заштита и спречување од дискриминација и за регулирање на медиумската сфера.

Оваа публикација ги сумира спроведените активности и ги содржи главните заклучоци и препораки произлезени од проектот „Промовирање инклузивност и почитување на човековите права во медиумите во Северна Македонија“, што Советот за етика во медиумите во Македонија го спроведе во периодот 01.07.2020 – 28.02.2021 година, со поддршка од Канадскиот фонд за локални иницијативи.

# ПУБЛИКАЦИЈА: ГОВОР НА ОМРАЗА - МЕЃУНАРОДНА И НАЦИОНАЛНА ПРАВНА РАМКА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА МЕДИУМИТЕ

Во последните две децении поимот „говор на омраза“ стана доминантен концепт за означување на разни форми на дискриминаторски изрази, вклучително изрази кои поттикнуваат на насилство кон припадници на одредени групи дефинирани по расна, верска, етничка или друга основа, изрази што пропагираат идеи за идентитетска супериорност на едни групи врз други, изрази што вклучуваат груби навреди, понижување, или каков било друг израз на злоупотреба насочена кон поединци или групи дефинирани по одредена идентитетска основа. Терминот „говор на омраза“ упатува на голем број различни акти кои можат да бидат предмет на санкција под административното, граѓанското или кривичното право, а мерките можат да произлегуваат од различни регулативи (за медиумите, за еднаквоста, дискриминацијата, итн.).

**Главни заклучоци во публикацијата „Говор на омраза, меѓународна и национална правна рамка, со посебен осврт на медиумите“.**

**Правото на слобода на изразување не е неограничено.**
Предвидени се ограничувања, онолку колку што е потребно со правото на слободно изразување за да не се нарушат правата на другите. Тоа претставува основен баланс меѓу правото на слободно изразување и правото на другите лица да не бидат повредени од нечие слободно изразување

**Законот за спречување и заштита од дискриминација е добра можност за иницирање случаи и активирање на судските инстанци.**
Особено одредбите кои се однесуваат на можноста за започнување на тужба во граѓанска постапка, кога изостануваат мерки што институциите треба да ги преземат по службена должност.

**Неопходно е засилување на напорите за градење свест и капацитети кај граѓаните за препознавање и реакција на говор на омраза, како и поттикнување на проактивност во поглед на пријавувањето на случаи на говор на омраза во медиумите.**

**Постои широк дијапазон на мерки за санкционирање на говорот на омраза.**
Сепак, нема индикации дека кривично-правното регулирање го подобрило справувањето со говорот на омраза. За секојдневни инциденти можеби е потребно да се истражат можностите што ги дава прекршочното санкционирање, преку реални парични (или други) санкции, кога контекстот на инцидентот (извршителот, опасноста, влијанието, итн.) не е доволен за кривичноправно санкционирање. Треба да се подобри праксата на санкционирање.

**ААВМУ и Народниот правобранител имаат ограничени можности за сузбивање на говорот на омраза во медиумите.**
Народниот правобранител нема директни ингеренции за дејствување во поглед на конкретни акти на говор на омраза во медиумите, но потребен е дополнителен ангажман во однос на мониторингот и охрабрувањето на институционалниот ангажман. ААВМУ ја следи работата на радиодифузерите и во тој поглед нема доволно можности за реакција кога постои потреба од спречување „говор на омраза“.

**Можноста да се поднесе прекршочна пријава би имала ефект кога Обвинителството и судовите би постапувале по пријавите.**
Неопходна е поголема проактивност кај Јавното обвинителство во поглед на постапување по пријавите за говор на омраза во медиумите. Судството треба да ги следи праксите на Европскиот суд за човекови права и да ги има предвид во носењето одлуки за одделни случаи, бидејќи судската пракса е исклучително мала.



# ДЕБАТА: КАКО КРИЗАТА СО КОРОНАВИРУСОТ ГО ПОГОДИ НОВИНАРСТВОТО И САМОРЕГУЛАЦИЈАТА?

Репортери без граници, во својот Индекс за слобода на медиумите од 2020 година, констатира дека претстојната декада ќе биде клучна за иднината на новинарството, при што пандемијата од Ковид-19 ќе ги потенцира многуте кризи поврзани со слободата на изразување и пласирањето кредибилни, разнолични и урамнотежени информации.

Тоа беше и предизвикот во работењето на СЕММ во изминатата година, кога најчестите реакции и претставки беа оние во врска со известувањето на медумите за пандемијата. Најчесто се прекршуваше членот 1 од Кодексот на новинарите на Македонија, кој се однесува на објавувањето на точни и проверени информации.




Новинарите се соочија со ризикот да се излезе на терен и да се известува, а предизвик беше и да се заштити јавноста од лажните вести кои се ширеа пребрзо и правеа големи штети, особено на почетокот на кризата, кога науката и здравствените власти немаа сигурни одговори за вирусот. Влијанијата на пандемијата врз новинарството се одвиваа главно на четири нивоа: техничко, есенцијално, односно врз новинарските содржини, психофизичката кондиција на новинарите и економската состојба на новинарите.

Во поглед на заштитата и помошта на редакциите во кризата постоеја внатрешни и надворешни механизми. Внатрешните механизми беа оние кои ги спроведуваше раководството

на медиумите, со цел заштита на новинарите и медиумските работници од аспект на здравствен ризик и економска-социјална помош, а надворешните механизми без оние кои ги преземаа Владата и останатите ресорни институции, но и граѓанските организации, меѓународната заедница, граѓаните, како и корпоративниот сектор за помош на медиумите и новинарите.

Ова се дел од поентите од дебатата „Како кризата со коронавирусот го подоги новинарството и саморегулацијата?", што се одржа на 27 август 2020 година.

[Погледнете ги поентите од дебатата]




„Медиумите беа повикани да се однесуваат професионално и етички и да не придонесуваат во ширењето невистини и создавањето паника кај јавноста. Беше потенцирано дека информирањето во вакви случаи, според Кодексот на новинарите (член 8), мора да биде ослободено од сензационализми. Медиумите треба да дејствуваат на начин што ги разликува од обични преносители на информации и факти и да ја применат и својата улога како смирувачи на вознемиреноста кај граѓаните".

*Мирче Адамчевски, претседател на Комисијата за жалби при СЕММ*

„На почетокот на кризата, редакциите не беа подготвени да работат во услови на криза предизвикана од пандемија поради недостиг на протоколи и претходна пракса. За самите новинари, проблем беше личната безбедност и безбедноста на најблиските, нарушувањето на работничките права, емоционалниот стрес и намалениот пристап на информации од јавни институции“.

*Драган Секуловски, Здружение на новинари на Македонија*

---

„Се изгуби толку битното чувство за тимска работа, што е основа на новинарството. Видеата пристигнуваа на мејл, се вклучувавме од канцеларија. И тука недостигаше интеракција со соговорникот. Министрите и функционерите станаа покомотни во изјавите и на прес-конференциите, бидејќи отсуствуваше живата интеракција, која е многу поефикасна за да се открие вистината. Сето ова го претвори новинарството од динамична во трома професија, што им одеше во прилог на оние кои сакаат да останат далеку од будното око на јавноста“.

*Фиљана Кока, новинарка во МРТ*

## Блогираа...



**Редакциите и пандемијата: притисоци и предизвици**

***Мартин Петровски, правник и соработник на ЗНМ***

По почетокот на глобалната криза која настана поради пандемијата, редакциите на медиумите, како во светот, така и во државата, се соочија со бројни предизвици. Со оглед на брзината на ширење на Ковид-19, раководството на медиумите се најде исправено пред предизвикот да носи одлуки за тоа како да се одржи работењето на редакцијата чија работа, примарно, се заснова на контакт со луѓе, дури и во услови кога експертите за јавно здравје и владините претставници наметнуваа социјална изолација.

### Саморегулацијата е основна брана за неетичко известување во услови на криза

*Теофил Блажевски, новинар*



Борбата против лажните вести бара обединување на медиумската заедница. Заедничко дејствување на медиумските организации и експерти за краткорочни и долгорочни ефекти од борбата против лажните вести и друго неетичко информирање на јавноста е нужностјавно здравје и владините претставници наметнуваа социјална изолација.



### Ни требаат новинари како никогаш досега

*м-р Дејан Андонов, Институт за комуникациски студии*

Пандемијата создаде огромна потреба за вести и ја стави на прв план важноста на професионалното новинарство и пристапот до проверени информации. Но, со истата брзина на вирусот се шират и многу невистини преку онлајн порталите и социјалните мрежи кои отежнуваат општеството правилно да реагира и да се справи со пандемијата. Здравјето на луѓето не зависи само од здравствената заштита, туку и од пристапот до точни информации за заканите од коронавирусот и како да се заштитат себеси, нивното семејство и нивното опкружување.

# ДЕБАТА: ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАТОРНИТЕ ПРАКТИКИ ВО МЕДИУМСКОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Советот за етика во медиумите во Македонија го регистрира говорот на омраза преку афирмирање на својот најголем механизам – поднесувањето претставки до Комисијата за жалби. Меѓутоа, исто така, реагира поединечно, со другите професионални медиумски организации, а и со регулаторното тело - Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги, во случаите на прекршување на членовите од Кодексот на новинарите на Македонија и појавата на говор на омраза и дискриминација во медиумите по различни основи.

Ова го потенцираше директорката на СЕММ Марина Тунева, на почетокот на дебатата „Говорот на омраза и дискриминаторните практики во медиумското известување – до каде сме?“, што се одржа на 28 септември, 2020 година.



Говорниците потенцираа дека е двидентно дека говорот на омраза се сели од медиумите во социјалните мрежи, поточно во коментарите на социјалните мрежи, каде што медиумите ги пласираат своите содржини.

Избувнувањето на глобалната криза предизвикана од коронавирусот во 2020 година, во Северна Македонија се поклопи со периодот пред одржувањето на парламентарните избори и овие две теми создадоа набој за ескалација на дезинформации и говор на омраза на политичка и на етничка основа. Меѓутоа, говорот на омраза врз родова и полова основа, исто така, е во пораст, особено на социјалните мрежи. Во сенка на известувањето за коронавирусот и за изборите, останаа жените, децата, лицата со попреченост, маргинализираните и раселените лица, кои спаѓаат во категоријата на граѓани кои беа најмногу погодени од рестрикциите воведени поради коронакризата, но и во периодот по нивното завршување, дискутираа учесниците на дебатата.

Медиумите, во својата основна функција да информираат, ја имаат и функцијата да известуваат дека во општеството постои говор на омраза. Тоа што медиумите не смеат е да станат самите извор на омраза, да емитуваат директни повици за насилно дејство и да известуваат непрофесионално во случаи кога информираат за постоење говор на омраза или во емисии во живо. Говорот во секојдневието е полн со агресивност и однесување кое може да предизвика насилство и затоа медиумите треба да имаат одоворност кон публиката која не може секогаш да направи разлика помеѓу доброто и лошото. Задачата на медиумите е да произведуваат вести со кои ќе им се спротивстават на говорот на омраза и на дезинфомрациите кои се шират онлајн, рекоа говорниците на дебатата.

Погледнете ги поентите од дебатата




„Во периодот на кризата, впечатокот на самите новинари е дека за лицата со попреченост се известувало малку и спорадично. Најчесто информациите поврзани со лицата со пореченост се однесуваа на мерките кои ги преземаше Владата во однос на оваа категорија граѓани, реакции во однос на мерките од граѓаните, како и информации од граѓанските организации за поддршката која им се пружа на лицата со попреченост. Сепак, стануваше збор најчесто за трансмисиски вести и кратки извештаи, без лични приказни, продлабочени анализи, статистички податоци кои ќе покажат каква е навистина состојбата со оваа категорија граѓани.“

*Весна Никодиноска, Македонски институт за медиуми*

„Националното право и практика треба да прават јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изјавата со говор на омраза, од една страна, и одговорноста на медиумите и медиумските професионалци за придонесот во нејзината дистрибуција, како дел од нивната функција да изнесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна. Секое ограничување на слободата на изразување треба да биде резултат на мониторинг кој треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај, односно дали ограничувањето на слободата на изразување е: пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество".

*Емилија Петреска – Камењарова,*
*Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

---

Потребно е да се отвори дебата и со филмските продуценти кои продуцираат ТВ-серии, каде што се забележуваат стереотипизирачки улоги на мажите и жените. Таму се среќаваат стереотипи и во однос на другите ранливи групи. Ни недостига дебата со сите актери, сите фактори, кои влијаат во процесот на социјализација."

*Снежана Трпевска, претседателка на Институтот РЕСИС*

## Блогираа...



**Толерирањето на говорот на омраза претставува лесно запалива искра**
***Виолета Чадиковска, новинарка***

Несанкционирањето на говорот на омраза во земјава претставува сериозен предизвик за спречувањето на неговото ширење. Социјалните мрежи и онлајн медиумите го интензивираа влијанието на ширењето на говорот на омраза и дискриминацијата, во време кога светот е исправен пред пандемијата од Ковид-19.

## Проблемите на маргинализираните лица за време на корона кризата се изгубија во големата слика од застрашувачки вести



***Зоран Андонов, новинар***

Деновове ме среќава мајка на дете со церебрална парализа и ме прашува дали овие деца ќе добијат нешто со најновите мерки од Владата. Ѝ велам „не, не е предвидена никаква помош за лицата со посебни потреби“. Тажно ме погледа и тивко рече: „Како досега, така и отсега, нас сосем нè заборавија, како да сме невидливи, како да не постоиме.“



## Етничко и политичко известување за Ковид - 19!

***Сефер Тахири, универзитетски професор***

Во последните месеци, светот, освен со Ковид - 19, се соочува и со лажните вести, но и со политичко-партиско инструментализирање на новонастанатата ситуација со вирусот. За жал, во земјата може да се евидентираат и новинарски содржини во дел од медиумите во кои се детектира и етничка наклонетост и пристрасност!

## Унапредување на соработката меѓу граѓанските организации и медиумите - основа за подобрено медиумско известување за лицата со попреченост



***м-р Владо Крстовски, НВО „Порака“***

Улогата на медиумите е круцијална во формирањето на јавните перцепции, а останатите чинители треба да ги поддржат медиумите во намалување на дискриминацијата наместо нејзино предизвикување или поттикнување.

# ДЕБАТА: ОБРАЗОВАНИЕТО И МЕДИУМИТЕ ВО СПРАВУВАЊЕТО СО ДИСКРИМИНАЦИЈАТА, ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И СТЕРЕОТИПИТЕ

Многупати проблемите во општеството настануваат поради отсуството на факти и информации за различностите, мислењата на другите, различните културни групи, но тоа е недостаток и во однос на секојдневни теми и случувања. Во медиумите многу честопати недостига сеопфатно известување кога станува збор за прашања од јавен интерес. Примарната улога на медиумите е да информираат, а информација значи изнесување на факти. Денес имаме сервиси за проверка на факти и граѓански организации кои повикуваат на тоа, иако, во суштина, тоа е обврска на редакциите. Секако дека новинарите и медиумите имаат неприкосновено право на уредувачка политика, меѓутоа не треба да има компромиси со фактите.

Од друга страна, медиумски писмени граѓани ќе умеат да ја разберат вредноста на вестите, да ги препознаваат пораките кои стигнуваат до нив, да изградат критички став и критички да расудуваат при носењето на информирани одлуки. Медиумската писменост значи овозможување на средина кадешто ќе има потреба од точни, сеопфатни, навремени и правични информации. Публиката која умее да ги препознае ваквите медиумски содржини ќе стекне поголема доверба и лојалност кон медиумите кои ги пласираат тие содржини. Тоа, пак, води кон поголема гледаност, онлајн посетеност или читаност.



Истражувањата покажуваат дека темите поврзани со медиумите, нивното влијание и одговорното користење на социјалните мрежи, учениците ги препознаваат како корисни. За да имаат доволно знаења и вештини да ги препознаваат веродостојните

и релевантните медиумски информации, да ги користат медиумите и да креираат медиумски производи, потребно е содржини за медиумска писменост да бидат вклучени во повеќе и различни предмети во основното, средното, но и високото образование.

На овие теми се дискутираше на дебатата „Улогата на медиумите и образвоанието во адресирањето на дискриминацијата и говорот на омраза“, што се одржа на 21 октомври, 2020 година.

Погледнете ги поентите од дебатата



„Медиумски писмените граѓани умеат да ја разберат вредноста на вестите, да ги препознаат пораките кои доаѓаат до нив, да изградат критички став. Оттука, неопходно е континуирано да се инвестира во подобрување на вештините на граѓаните за критичка анализа на медиумските содржини“.

*м-р Дејан Андонов, Институт за комуникациски студии*

„Луѓето се во т.н. „балончиња“ затоа што селектираат од каде ќе се информираат, што ќе запомнат, бидејќи тоа одговара на нивните претходни уверувања. Медиумската писменост е од исклучително големо значење, а искуствата покажуваат дека е најдобро доколку таа се инфузира низ различните наставни содржини во образованието“.

*Снежана Трпевска, претседателка на Институтот РЕСИС*

---

„Публиката треба да има доволно знаење за да препознава што е добро и што е лошо, што треба да слуша, а што не. Сево ова може да се постигне ако обезбедиме доволно простор во нашиот образовен систем. Нашиот систем има потреба од една длабинска реформа, а во тие реформи не сме успеале ако медиумите не ги поставиме на местото каде што треба да бидат“.

*Насер Мифтари, професор во средно училиште*

---

„Да се размислува за вклучување на медиумската писменост во високото образование. Со факултетите што градат наставен кадар од различни области - Педагошки, Филолошки, Филозофски, Природно-математички факултет, а чии студенти по дипломирањето треба да предаваат во училиштата, да се разговара во насока на тоа како да ги совладаат вештините за медиумска писменост во текот на студирањето“.

*Лилјана Пецова Илиеска, член на Комисијата за жалби при СЕММ*

---

„И покрај напливот на нови медиуми и технологии, постои зголемена неписменост, медиумска некултура, жаргони до вулгаризми, присуство на навреди, груби невистини, извртени факти, произволни констатации... Медиумите мора да имаат клучна улога не само во информирањето, туку и во сузбивањето на говорот на омраза, дискриминацијата и стереотипите.“

*Јасмина Миронски, новинарка и уиверзитетски професор*

---

„Без постоење на некогашните редакциски школи помладите новинари се ограничени од самиот почеток на нивната кариера за да го спознаат вистински, искуствено, што значи новинарството како професија.“

*Зоран Фиданоски, новинар*

## Блогираа...



### Медиумите и училиштата клучни за спречување на говорот на омраза, а најмногу на социјалните мрежи

***Ване Трајков, новинар***

Не само да се објави, туку и да се внимава на коментарите по социјалните мрежи по постирањето на информациите, оти тие ќе паднат во втор план, а на површина ќе излезе преголемата слобода на говорот, со многу навредливи коментари и говор на омраза што може да предизвика огромни последици.

### Образованието во функција на правилно медиумско известување

***Настасија Стојановиќ, Македонски центар за граѓанско образование***



Поттикнати и образовани млади луѓе, кои ги препознаваат своите улоги во општеството, се клучот за позитивни промени во сегашноста, но и во иднината. Многу често слушаме дека младите се иднината, но за да бидат двигатели на позитивни промени во иднина, тие мора уште денес да бидат одговорни и активни граѓани. Најважната улога во овој процес ја има образованието и ме радува што оваа улога е и препознаена.



# ДЕБАТА: СОРАБОТКА ЗА ЕФЕКТИВНО АДРЕСИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА ВО МЕДИУМИТЕ

Во справувањето со говорот на омраза и дискриминацијата потребна е меѓусекторска соработка на сите важни чинители - Советот за етиката во медимите во Македонија (СЕММ), Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (ААВМУ), Народниот правобранител, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на Собранието на РСМ, Јавното обвиителство, судовите и полицијата.

Треба да постои меѓусебен и повратен систем на информирање, преку кој, на пример, Јавното обвинителство, судовите и другите надлежни институции ќе ја информираат ААВМУ што презеле по барањата што Агенцијата ги упатува за постапување. Иако постои правна и институционална рамка преку која ќе се врши превенција, следење, контрола и санкционирање на говорот на омраза и криминалот од омраза, државата преку своите органи треба да воспостави адекватен систем за нивно следење и пријавување. Треба да биде овозможен систем на бесплатна правна помош на жртвите и да се работи на подигнување на јавната свест на граѓаните. Исто така, постојано да се спроведуваат обуки за вработените во полицијата, обвинителствата и судовите – служби кои се најповикани и кои се директно изложени со овие кривични дела.

Ова се некои од предлозите што беа посочени на дебатата „Поврзување меѓу саморегулаторното тело, регулаторот за радиодифузни медиуми и Народниот правобранител во заштитата на човековите права и реакцијата на говорот на омраза во медиумите“, што се одржа на 20 ноември, 2020 година.

Погледнете ги поентите од дебатата




„Говорот на омраза не е само прекршување на новинарските стандарди, туку и кривично дело и може да предизвика и злосторство од омраза. Гледајќи кон говорот на омраза во медиумите како општествен проблем, неопходно е вклучување на сите актери за негово сузбивање, вклучително и на инструментите на државата, односно казнувањето и санционирањето на оваа појава“.

*Катерина Синадиновска,*
*претседателка на УО на СЕММ*

---

„СЕММ е организација која не изрекува казни, туку одлуки со морална содржина и битката што ја водиме со говорот на омраза и дискриминацијата по разни основи може да се обедини со напорите на Омбудсманот за соработка, токму во поглед на нарушувањето на човековите права“.

*Мирче Адамчевски,*
*претседател на Комисијата за жалби при СЕММ*

„Говорот на омраза е една од важните области каде што ААВМУ може да соработува со СЕММ. По измените на ЗААВМУ од 2018, беше воспоставена практика сите извештаи од надзорите за чл. 61 и изречените мерки да се испраќаат во СЕММ, за да бидат разгледани и од Комисијата за жалби од аспект на почитувањето на Кодексот на новинарите. Токму постапувањето во ваквите случаи е точка на која треба да се договориме за подобра соработка, можеби и во смисла на тоа кога во Агенцијата ќе стигнат вакви претставки или по службена должност ќе забележи проблематична содржина да не анализира АВМУ, туку веднаш сѐ да се праќа кај СЕММ.“

*Емилија Петреска-Камењарова,*
*Агенција за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги*

---

„Во предметите каде што има елементи на говор на омраза, Народниот правобранител е спречен директно да постапува, пред сѐ, затоа што се работи за кривична материја, а воедно и поради немањето надлежност за постапување кон субјектите од приватниот сектор кои во најголем број на случаи се сторители на говор на омраза или, пак, овозможуваат на поединци да ги користат нивните бази за пласирање на говорот на омраза. Тука, пред сѐ, би алудирал на медиумите и порталите, каде што говорот на омраза е најизразен и каде повеќепати сме реагирале индиректно, односно со поднесување на одредено барање со укажување до СЕММ да постапи согласно своите надлежности“.

*Маријан Поњавиќ,*
*државен советник во Народниот првобранител*

## Блогираа...



**Кога институциите ќе стивнат – говорот на омраза доминира**

***Драган Секуловски, директор на ЗНМ***

Граѓанските организации редовно иницираат јавни дебати за опасноста од говорот на омраза и последиците кога тој не се санкционира. Ретко, а можеби и никогаш овие теми јавно не се отвораат од страна на институциите на извршната власт или правосудството. Зошто е тоа така?

## СЕММ, АВМУ и Народниот правобранител мора да имаат меѓусебна синергија за искоренување на говорот на омраза и дискриминацијата

***Зоран Фиданоски, новинар, член на Советот на АВМУ***



Кои се точките за кои може да се постигне синергија меѓу регулаторот за електронски медиуми, саморегулаторното тело и Омбудсманот? Постојат неколку, но сигурно е дека говорот на омраза и дискриминацијата е најзначајната меѓу нив.



## Кога институциите ќе стивнат – говорот на омраза доминира

***м-р Дејан Андонов, Институт за комуникациски студии***

Онлајн просторот и социјалните медиуми станаа централни места кадешто младите луѓе истражуваат нови идеи, го изразуваат својот идентитет и учествуваат во поширокото општество. Но, во исто време, може да бидат злоупотребени од оние кои сакаат да ги користат за омаловажување, навреда и силеџиство. Казнените одредби повеќе не се доволни за да се спречи говорот на омраза, туку се потребни и образовни мерки за решавање на овој општествен проблем.



## ПРОТИВ СТЕРЕОТИПИ И ДИСКРИМИНАЦИЈА СО ИНКЛУЗИВНО МЕДИУМСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ

Инклузивно новинарство е збир од вредносни судови (мислења, верувања и емоции), уреднички политики и практики на известување чија цел е да обезбедат вклученост на разновидни гласови во медиумската сфера. Инклузивно новинарство треба да обезбеди преиспитување на работата и специфичните постапки што ги спроведуваат новинарите, со цел да понудат решение и одговор за нееднаквостите што се резултат на несоодветно функционирање на социјалните структури. Ова го посочи Весна Никодиноска од Македонскиот институт за медиуми, на работилницата „Против стереотипите и дискриминација со инклузивно медиумско известување“, што се одржа на 18 јануари, 2021 година.

Погледнете ги клучните поенти од работилницата



## СО ЈАСНА И ИСТАКНАТА УРЕДУВАЧКА ПОЛИТИКА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА, ДИСКРИМИНАЦИЈАТА И ДЕЗИНФОРМАЦИИТЕ

Непознавањето на ризиците од злоупотребата на говорот и користењето на говорот на омраза, дури и на социјалните мрежи, може да предизвикаат општествени тензии кои би го нарушиле јавниот ред и мир. Ова беше една од темите на работилницата „Улогата на редакциите во спречувањето на говорот на омраза, дискриминацијата и дезинформациите", што се одржа на 8 февруари, 2021 година.

Погледнете ги клучните поенти од работилницата




„Инклузивно новинарство треба да обезбеди рефлексивно размислување за процесите во општеството, да вклучи социјален, политички и културен плурализам, да ја признае и прифати различноста."

*Весна Никодиноска, Македонски институт за медиуми*

„СЕММ има традиција која ќе продолжи да го наградува професионалното новинарство, особено она посветено на инклузивното известување, затоа што се смета дека медиумите може да помогнат во надминувањето на овој тип проблеми, со отворањето токму на вакви прашања пред јавноста. Несомнено, треба да се работи на подготовка на дополнителни насоки и стандарди како да се известува за овие општествени групи“.

*Марина Тунева, извршна директорка на СЕММ*

---

„Што можат да направат медиумите? Тие, првенствено, треба да се борат против предрасудите во јавноста дека лицата со попреченост се неспособни и беспомошни. Медиумските производи преку афирмативен пристап, ослободени од сензационализам, драматизирање и сожалување, треба да ги прикажуваат нив како лица кои може да придонесат во сите области на живеењето со што ќе промовираат и поинклузивно и, со самото тоа, потолерантно општество.“

*Владо Крстовски, Републички центар за лица со интелектуална попреченост „Порака“*

---

„Привидната еднаквост е категорија која многу често ја среќаваме. Во медиумите ќе се забележи избалансирано присуство на мажи и на жени, но ако ги разгледате подетално по рубрики, ќе се забележи дека на насловните страници или на почетокот во главните рубрики – политика, економија, Македонија и свет, доминираат мажите, додека од средината кон крајот, каде што се сместени информациите за култура, естрада, разонода и сцена, во апсолутно мнозинство се жените. Бројката е иста, но суштината е далеку од тоа.

*Ирена Цветковиќ, Коалиција „Маргини“*

---

„Ние претежно сме фокусирани на дневно-политички настани, со кои мора да се пополнат вестите или просторот во весниците и онлајн медиумите. Но, кога се работи за таква тема, тогаш тоа е малку покомплексно, особено ако се работи за телевизиски производ во кој треба да се долови целата приказна. И особено затоа што начинот на презентирање во самите медиуми има клучна улога во јавната перцепција за определна група“.

*Петар Клинчарски, новинар во „360 степени*

„Омразата, нетолерантноста, немањето чувство на одговорност за искажаното, денес се многу поприсутни од претходно. Оваа ситуација се пресликува од еден на друг социјален медиум, а потоа и на традиционалните медиуми. Колку и да објаснувате што претставува говорот на омраза наспроти слободата на изразување, па дури и да ги замолите гледачите да внимаваат во однос на комуникацијата, тоа ќе потрае недела-две. Потоа, се случува истото, а вие треба повторно да ја ‘трасирате’ комуникацијата.“

*Огнен Јанески, новинар и водител на контактна емисија*

---------------------------------------------------------------------------

„ Дезинформациите денес можат многу полесно да се пласираат, затоа што порано имаше филтри – уредници, а сега секој слушател, гледач, читател треба биде сам свој уредник. Сепак, за тоа е потребно знаење, писменост, треба да се следи сè што се случува, да се има прединформации, контекст.“

*Столе Наумов, уредник и водител на контактната емисија „Стадион“ - Радио Канал 77*

---------------------------------------------------------------------------

„Колегите ги модерираат сите коментари на Фејсбук, Јутјуб и на социјалните мрежи и ги анализираат коментарите на корисниците, особено оние кои содржат навреди и омаловажувања. Практично, се соочуваме со проблем од новите генерации коишто јавно, со име и презиме, шират секаков тип информации, лажни вести, говор на омраза“.

*Димитар Мицев, ТВ Вис - Струмица*

---------------------------------------------------------------------------

„Кога има недостиг на јасна и истакната уредувачка политика, која подразбира владеење на етички стандарди, тоа е ‘црвеното знаме’ што укажува на содржина за сомневање. Првото правило што се учи е дека треба да ги консултираш двете страни. Ама како тоа се рефлектира кај нас? Новинарот ќе ги праша едните и другите и нам ќе ни презентира прилог со две страни. Но, каде е темата, каде е прашањето за кое дискутираме? Новинарите многу често не ни објаснуваат доволно за прашањето, не ни даваат доволно факти за да процениме која страна е во право“.

*Санта Аргирова, новинарка*

„Одредени центри на политичка моќ може да ги злоупотребуваат контактните емисии за да создадат перцепција дека гласот на народот е за или против одредена тема во зависност од нивниот интерес. Затоа, треба внимателно да се избираат темите, бидејќи публиката не може да биде компетентна за секоја тема која се отвора. Важно е да се детектира и дали одредена емисија поттикнува слободно мислење на граѓаните или, пак, овозможува пласирање партиска пропаганда и организирање на партиското членство да се јавува и да поддржува одредени ставови".

*Џелал Незири, Центар за истражувачко новинарство-СКУП*

## Блогираа...



**Медиумите и лицата со попреченост – инклузија во светот на ексклузивност**

***Весна Ивановска-Илиевска, новинарка***

За изложбите на ликовната уметница Афердита Кики имам напишано повеќе најави, сите објавени на страницата за култура во весникот „Дневник", каде работев 17 години. Отсекогаш ми се допаѓаа нејзините дела. Но, ете, никако не се погоди момент да се сретнеме и да поразговараме за нејзиното творештво. Се сретнавме случајно, на доделување на некои награди. Одамна немав сретнато личност со толку впечатлива енергија. Силна, но бескрајно питома. Како да ја познавав цел живот. Патериците одвај ги забележав.

**Во медиумите зборуваат ограничен број на политичари и експерти**

***Ердем Ахмет, новинар, член на Комисијата за жалби на СЕММ***



„Не прави им го на другите тоа што не сакаш тебе да ти го прават". Доколку медиумите би ја следеле оваа мудра мисла на Конфучиј ќе немаше содржини со говор на омраза, предрасуди, дискриминаторен говор и стереотипи поврзани со различностите. Ќе имаше дебата и несогласувања како и сега, но ќе се внимаваше на зборовите.



## Како да се справиме со говорот на омраза на социјалните мрежи

***Моника Аксентиевска, Институт за комуникациски студии***

Социјалните мрежи го сменија начинот на кој се информираме, овозможувајќи ни брз и едноставен пристап до информации. Исто така, ни дадоа и платформа за слободно изразување и поттикнување социјални промени. Од друга страна, пак, слободата секој да биде креатор на содржини ги откри некои од негативните страни на социјалните мрежи, како ширењето дезинформации и говор на омраза, онлајн малтретирање, измами, итн.

## Уредниците - клучен фактор против говорот на омразата

***Арта Тахири, уредник на вести и на емисијата „Патот кон“ на ТВ Алсат М***



Говорот на омраза е присутен не само во онлајн медиумите, или популарно кажано порталите, интернет просторот и социјалните мрежи, туку и на телевизија, радио, во пишаните медиуми, во политичките говори и други јавни обраќања, на јавните собири - митинзи, протести и на спортските натпревари.



## Кажаниот збор може да убие повеќе од порано

***Драган Секуловски, директор на ЗНМ***

Аксиомата дека „кажаниот збор може да убие“ не можела да се побие во филозофската дебата во историјата, а од денешен аспект, земајќи го предвид информацискиот прогрес и глобализацијата, ризикот од злоупотребата на слободата на изразување и нарушување на безбедноста на луѓето е поголем од кога било.



www.semm.mk